# ULCUS CRURIS VENOSUM во наш материјал

Василева С, Витларова Ј, Камчев Н
ЈЗУ Општа болница Птип, УГД - Штип

## ВОВЕД

Ulcus cruris venosum е конечна последична состојба кај напреднатата хронична венска инсуфициенција. Настанува спонтано или при најмала траума, а заради воспалителни, дегенеративни и некробиотични процеси во застојните предели на кожата. Во зависност од патогенетските и топографските предуслови се разликуваат Ulcus cruris venosum hypostaticum, поопсежна улцерација со мазно, бледоцрвено и често обложено со жолто-зеленикав гноен секрет, и дно со нагризани и крвави рабови и Ulcus cruris venosum postthromboticum кој се карактеризира со мали, длабоки, болни и тврдокорни улцерации и дно обложено со гнојно-некротични маси и подриени рабови.

## ЦЕЛ

Цел на трудот е да се прикаже застапеноста на Ulcus cruris venosum во акутната патологија на Одделението за Кожни и венерични болести при ЈЗУ Општа болница Штип за периодот од 2003-2008 година.

## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ

Во анализираниот период на Одделението за Кожни и венерични болести во Штип лекувани се вкупно 1221 пациент од кои 175 пациенти со хронична венска инсуфициенција (94 мажи и 81 жени), на возраст од 30-70 години 144 пациенти, а над 70 години 61 пациент.

## РЕЗУЛТАТИ

Од лекуваните 175 пациенти со хронична венска инсуфициенција со Ulcus cruris venosum беа 110 пациенти (71 маж и 39 жени) или 63% од кои 45 пациенти или 41% без на возраст над 70 години.

## ЗАКЛУЧОК

Заклучуваме дека најбројни се пациентите со хронична венска инсуфициенција и Ulcus cruris venosum кој настанува како конечна последична состојба при напреднатата хронична венска инсуфициенција.